МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK

**Македонска платформа против сиромаштија**

**Етички кодекс**

***Овој Етички кодекс е збир на етички начела и правила на однесување за членките на МППС. Тие се должни да се придржуваат кон пропишаните норми за однесување и да ги применуваат во нивната секојдневна работа.*** *Секое здружение или поединец што ќе отстапи од принципите на овој Етички кодекс станува предмет на разгледување на Етичкиот комитет.*

**Прв принцип на Кодексот** - Ние сме ориентирани кон граѓанинот и неговите основни интереси и потреби. Нашето постоење во суштина е заради граѓаните и сакаме нивно активно учество во сите општествени процеси.

**Втор принцип на Кодексот** - Грижата за сиромашните, маргинализираните, ранливите и дискриминираните заедници е наш приоритет. По принципот на солидарност ги реинвестираме вишокот финансиски средства во имплементација на одржливи програмски активности со кои поттикнуваме развој кај наведените заедници.

**Трет принцип на Кодексот** - Во својата работа применуваме праведен однос, непристрасност и рамноправност, без оглед на верата, полот, возраста, социјалното, етничкото, националното, религиозното, политичкото или било кое друго припаѓање или определеност. Дополнително, посветуваме особено внимание на доследна примена на принципите на националните и културните права на еднаквост и разноликост.

**Четврт принцип на Кодексот** - Членките се поттикнуваат меѓусебно да градат односи на заемно почитување, градење на доверба, тимска работа, соработка, толерантност и меѓусебно разбирање. Работиме на развивање на активизмот, културата на дијалог и ненасилната комуникација преку кои ги разменуваме нашите знаења, искуства и информации.

**Петти принцип на Кодексот** - Грижата за угледот е должност на секоја членка, преку професионално, уредно, чесно и одговорно работење, како и избегнување на активности и однесувања што може да наштетат на МППС во целост или на некоја од нејзините членки. Во овој контест се става и пристапот, употребата и ракувањето со податоците, документите, деловните тајни и деловните информации на МППС.

**Шести принцип на Кодексот** - Го почитуваме концептот на добро владеење, преку одговорност, транспарентност и отчетност во работата. Ги применуваме начелата за партиципативност и правичност, позитивните законски, регулаторни и други прописи, како и меѓународните стандарди за НВО секторот. Истовремено остануваме флексибилни и се прилагодуваме на промените кои се случуваат во оваа сфера.

**Седми принцип на Кодексот** - Нашите финансиски политики се јасно дефинирани. Освен што го применуваме законот кој го дефинира финансискиот и сметководствениот систем, кој дава јасен преглед на сите трошоци и осигурува наменско користење на средствата, се грижиме трошењето да биде ефикасно и економично. Наша обврска е да ја информираме јавноста во врска со нашите активности, изворите и методите на финансирање.

**Осми принцип на кодексот** - Во нашата работа се придржуваме кон одржливите развојни цели и работиме кон намалување на сиромаштијата, зголемување на просперитетот и благосостојбата, зачувување на животната средина и влијание врз климатските промени.

**Деветти принцип на Кодексот** - Автономијата и независноста се клучен елемент во функционирањето и не прифаќаме било какво наметнување или состојба која може да ја компромитира нашата мисија, принципите и целите за кои се залагаме. Наше начело е политичката неутралност и непристрасност.

**Десетти принцип на Кодексот** - Посветени сме на градење на демократски капацитети внатре во организацијата, но преку нашата работа истото го пренесуваме и во општеството и влијаеме врз него. Заради тоа имаме одговорност пред нашите граѓани, властите и донаторите преку креирање, следење и поставување на мерливи индикатори за следење на нашите активности и оценка на резултатите.

Македонска платформа против сиромаштија
23.12.2015